Високоенергетската АЛЛЕР ФУТУРА 1,5мм со протеини 58% и масти 17% (види линкот подолу / прикацен фајл)

Средноенергетската храна, АЛЛЕР ПЕРФОРМА 1,5мм, е со протеини 48% и масти 21% (види линк подолу)

Се надеваме дека ке ги земите во предвид соодветните забелески за да мозиме да уцествуваме во изборот како најдобри понудуваци.

Ви благодарам,

**Втора е забелешката** на Горан Јосифовски – почитувани, во врска техничкиот дијалог, за објавената тендерска документација за набавка на стоки – Храна за калифорниска пастрмка, би сакал да ги дадам следниве забелешки:

1. Предметот на јавна набавка треба да е делив, според член 78 од законот за јавни набавки, оформување на јавна набавка на делови, кој предвидува договорниот орган да може да го оформи предметот на набавка, врз основа на објективни критеиријуми, според вид, својства, намена, место или време на извршување, при што го утврдува предметот и големината на поединечните делови, земајќи ја предвид можноста за пристап на мали и средни и претпријатија во постапката.

2. " Економскиот оператор да има годишен минимален приход 10.000.000,00 денари вклучувајќи 5.000.000,00 денари минимален приход во дејноста "
   - Дали ова барање е неопходно земајќи ја предвид можноста за пристап на мали и средни и претпријатија во постапката, на тој начин и зголемување на конкурентноста.

3. Покрај GLOBAL G.A.P. стандардот, како еквивалент да се бараат hаccp standard или ISO 22000.

4. " Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката во рок од 5 дена од денот на потпишување на секој поединечен договор на следнава локација - рибник на ЈП Стрежево Битола. "
   - Овие храни би се произведувале специјално за Стрежево и истите ќе се произведуваат по потпишување на секој поединечен договор. Тоа би значело, додека да се произведе храната и се добијат сите соодветни сертификати потребни за извоз на храната од страна на производувачот, транспорт и процедура за увоз на истата ќе бидат потребно минимум 30 дена.

**И трета забелешка** е на Копенс МК. Ве известуваме да се направи промена во тоцка 3.2 -Способност за врсење на професионална дејност, во подточка 3.2.3 кај називот наместо Ресение издадено од надлезен орган за
запишување во регистарот на регистрирани објекти/или активности со нус
производи од зивотинско потекло..треба да стои ИЗВОД од регистарот на
објекти И оператори со храна за зивотни , издаден од АХВ.

Комисијата ќе ги разгледа сите забелешки на понудувачите и дополнително ќе одлучи дали ќе направи измени во досегашната верзија на тендерската документација односно техничка спецификација.

Записникот е изработен на 16.08.2019 година.
Потпис на членовите на комисијата за јавна набавка:

1.____________________

2.____________________

3.____________________